20252695197

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

# УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 29 декември 2025 година.

Бр. 08-7415/1
29 декември 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија” број 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 27/18, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 180/19, 275/19, 31/20, 267/20, 67/22, 79/23, 193/24, 75/25 и 154/25), во член 11 став (1) точката 15) се менува и гласи:

„работно ангажирани лица за вршење работи од повремена или сезонска природа согласно со закон.“.

Во ставот (2) по бројот „9“ запирката се заменува со сврзникот „и“, а зборовите: „ и 15“ се бришат.

Член 2

Во членот 30 по бројот „5“ сврзникот „и“ се заменува со запирка, а по бројот „6“ се додаваат зборовите: „и 15“.

Член 3

Во член 31 во ставот (2) зборовите: „и на физичко лице кое е регистрирано како вршител на самостојна дејност за трговија на мало на тезги и пазари“ се бришат.

Член 4

Во член 50 став (1) во воведната реченица зборот „одредени“ се заменува со бројот „50“.

Член 5

Во член 118 во ставот (1) зборовите: „точките 9) и 15)“ се заменуваат со зборовите: „точката 9)“.

По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Осигурениците од членот 11 точка 15) од овој закон кои биле членови на втор пензиски столб, со работното ангажирање за вршење работи од повремена или сезонска природа им продолжува членството во задолжителен пензиски фонд, со исклучок на корисниците на старосна пензија и семејна пензија, вдовец/вдовица и родители.“.

Ставовите (2) и (3) стануваат ставови (3) и (4).

Во ставот (4) кој станува став (5) зборовите: „(2) и (3)“ се заменуваат со зборовите: „(3) и (4)“, а зборовите: „точки 9) и 15)“ се заменуваат со зборовите: „точка 9)“.

Во ставот (5) кој станува став (6) зборовите: „(2) и (3)“ се заменуваат со зборовите: „(3) и (4)“.

Член 6

Во член 125 став (4) во точката 6) зборовите: „Комората на трговци на Македонија“ се заменуваат со зборот „работодавачот“.

Член 7

По членот 132-а се додава нов член 132-б, кој гласи:

„Член 132-б

(1) Постапката за остварување права од пензиското и инвалидското осигурување се води во електронска форма со формирање на електронски предмет, со користење софтвер за електронско решавање и исплата на пензии на Фондот.

(2) Сите списи приложени во предметот се скенираат во постапката и се составен дел на електронскиот предмет.

(3) Кога во постапката ќе се утврди дека осигуреникот има право на пензија, но поради решавањето на некое претходно прашање не може да се донесе конечно решение, Фондот со привремено решение ќе определи на осигуреникот да му се исплаќа аконтација на примањето во износ што се утврдува врз основа на податоците со кои се располага.

(4) Фондот по службена должност донесува конечно решение по решавање на претходното прашање, а во случај на привремени решенија донесени поради немање коефициенти за валоризација на плати, конечното решение се донесува во рок од 30 дена од денот на објавувањето коефициенти за валоризација на плати.

(5) Доставувањето на решението од ставовите (3) и (4) на овој член се врши со препорачана пратка со доставница по пошта.“.

Член 8

Во член 134 во ставот (2) по зборот „решението“ се става точка и текстот до крајот на реченицата се брише.

Член 9

Во член 148 во ставот (1) зборовите: „или странство“ се бришат.

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) По исклучок од ставот (1) на овој член, на корисник на старосна пензија и корисник на семејна пензија кои се работно ангажирани за вршење работи од повремена или сезонска природа согласно со закон, не им се запира исплатата на пензијата.“.

Член 10

Во член 199 став (1) точката 7 се менува и гласи:

„работодавачите за лицата кои се работно ангажирани за вршење работи од повремена или сезонска природа согласно со членот 11 став (1) точка 15) од овој закон.“.

Член 11

Во член 209 став 1 во точката 7) сврзникот „и“ на крајот на реченицата се заменува со точка и запирка.

Во точката 8) точката на крајот на реченицата се заменува со сврзникот „и“.

По точката 8) се додава нова точка 9), која гласи:

„9) податоците за почеток, односно престанок на осигурувањето и промените во текот на осигурувањето за лицата кои се работно ангажирани за вршење работи од повремена или сезонска природа се врши на дневна основа или за календарски месец.“.

Член 12

Во член 210 став (1) во точката 1) зборовите: „1 и 2“ се заменуваат со зборовите: „1, 2 и 9“.

Член 13

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, освен одредбите од членовите 1, 2, 3, 5, 6, 9, 10, 11 и 12 од овој закон, кои ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2026 година.